Јиржи Хајичек

# Едрилица на етикети

Превод од чешки јазик

**Донка Роус**
**Даниела Мишевска-Роус**

Скопје, 2021

## Октомври 2018

Марија се виде во огледалото. Под малата електрична неонска светилка над мијалникот ѝ жежеа очите. Посинетите усни, бледото изморено лице, подочници од очите. Нејзиното чело не беше чисто. Наоблачено небо од дамнешни времиња над Чешки Крумлов. Удар од чума.

Почна да се соблекува, бавни движења, сама во бањата на стариот стан во Панел-зграда. Нашминканото лице во огледалото ја потсетуваше на маска од стара комедија дел арте. Еден од ликовите на ѕидот на Салата за балови под маски на Крумловскиот замок. Се насмеа гласно. Допре на маската на Коломбина со памучето

Заморот ѝ се сконцентрира во главата, во слепоочниците, жедта ја гребеше во грлото при голтање. И јазикот ѝ беше посинет.

Наеднаш нервите ѝ ги растресе остриот звук на телефонот. Ѕвонењето доаѓаше од задниот џеб на нејзините панталони, од кај задникот вибрации се искачуваа нагоре по 'рбетот. Посегна по сплоснатиот мобилен, веднаш ѝ падна од дланката во мијалникот. Пожолтената керамика беше сува.

„Полиција на Чешката република, полицаец Соукал. Вие сте Марија Солецка?"

„Да," рече засипнато во телефон.

„Сопственичка сте на црн субару со регистарски број 5А4 6132?"

„Да, тоа е мојот автомобил. Се случило нешто?"

„За тоа сакаме да Ве прашаме Вас. Го возевте тој автомобил?“

„Мислите денеска? Не.“

„Треба да зборуваме со Вас. Каде сте сега?“

„Во стан кај сестра ми.“

„Но каде?“

„Во Крумлов…“

„Одлично. Кажете ја адресата, ќе испратам по Вас некого од крумловската станица.“

„Но зошто?“

Седеше на скалите пред влезот на зградата. Под мантилот чувствуваше, како облеката во брзањето си ја облекла обратно и немарно. Маица и џемпер, си ги израмнуваше под палтото и се вртеше на скалата, кога кај граничникот сопре полициска кола. Го скри мобилниот во чантата, никого не најде, на татко ѝ и мајка ѝ изгледа телефоните им беа исклучени. Во слепоочниците ѝ пулсираше крвта и ја ладеше остар есенски ветер. Стана и малку ѝ се сврти во главата, го чувствуваше на себе искусниот поглед на постариот полицаец. Ја отвори задната врата од колата.

„Со вас нема никаде да одам.“

„Сопственичка сте на тоа возило.“

„Но не го возев. Кажете ми, што се случило?“

„Морам да Ве замолам за тест на алкохол, ѝ рече полицаецот.“

„Пиев црвено вино. Тоа е забрането?“

„Подготвена сте за алкотест, Ве молам?“

„Се случило нешто со сестра ми? Не ми се јавува.“

Полицаецот беше трпелив, го чувствуваше неговиот поглед. Замавна со раката и го зеде од него детекторот, со сета сила во него издиши. На крајот, влезе во колата, а кога тргна полициската кола, на задното седиште малку ѝ се слоши. Кога се симнуваа од ритчето од населбата

Плешивец, зад страничните стакла темно блескаше ноќта. До станицата патувањето траеше само неколку минути.

„Четириесет и седум години, разведена, со постојано живеалиште Прага 6 – Дејвице,“ диктираше крај масата постар маж во униформа и во раката држеше лична карта. Друг полицаец пишуваше на компјутерската тастатура.

„Вашата професија?“

„Предавам на универзитет. Кажете ми веќе, Ве молам, што се случило?“

Полицаецот не ѝ одговори, телефонот му беше на увото и си запишуваше во бележникот. Кога заврши со разговорот, погледна во забелешките, а потоа во Марија.

„Го познавате Ладислав Корженски? Со стан „Марквартице“ 15?“

„Тоа е мојот зет за сестра.“

„Тврди дека го управувал Вашиот автомобил.“

„Да, ѝ го позајмив на сестра ми, нивниот се расипал.“

„Вашиот автомобил, госпоѓо Солецка, стои напуштен насред ливада надвор од Пшидоњице. Истовремено оттаму имаме пријавено тешка телесна повреда. Таму е и нашата патрола од Каплице.“

„Па што се случило? Во Пшидоњице ми се родителите.“

„Вашиот зет нема клучеви од возилото и тврди дека не знае каде се,“ рече полицаецот со побелена коса по страните. „Неговиот алкотест беше негативен,“ додаде, кога повторно погледна во нотесот.

„Што не може да се рече за Вас,“ рече оној другиот и погледна во Марија. „Еден запирка осум промили.“

Ги собра рамениците.

„Прославувавте?“

„Да. Разделба со Крумлов.“

„Разделба со Крумлов...“ повтори по неа постариот полицаец изморено и се поднасмевна, повеќе сам за себе.

„Па што се случува?“ Сакам да одам во Пшидоњице “

„Ќе Ве одвезам таму, госпоѓо Солецка.“

Полицаецот постојано имаше трпелив израз и зборуваше тивко.

„Имам резервни клучеви од колата,“ рече Марија и збркано буричкаше во чантата.

---

Црниот СУВ беше со кал дури до прозорците, стрчеше насред ливада со полегната пожолтена трева, целиот навален нанапред, а со муцката зариен во дол. Рефлекторите од полициското возило беа вперени право во него. Темното небо изгледаше како да е ниско, Марија се тресеше од студ. Не сфаќаше ништо. Го здогледа зета си, како стои недалеку со двајца други полицајци во униформа. Лада, маж како планина, венче од светла коса околу ќелавиот дел. Потоа двете групи тргнаа во правец едни кон други. Полициската патрола од Каплице и крумловскиот полицаец со Марија зад него. Таа пропаѓаше со чевлите на штикла во земја, потемнетата трева ја ладеше и удираше преку зглобовите. Останаа со зетот да се гледаат еден во друг. Се трудеше нешто да прочита од неговото лице, незабележливо вртеше со главата, како да сакаше нешто да ѝ даде на знаење. Полицајците од Каплице беа двајца и беа многу нервозни. Слаб и дебел. Лорел и Харди, помисли Марија. Дебелкавиот со капа силно гестикулираше, кога зборуваше со колегата од Крумлов.

„Нема овде да доаѓаме кај секоја турканица во крчмата!“

„А што ќе биде со телесната повреда?“ праша полицаецот кој дојде со Марија.

„Сè порекнаа. Од мажот што се јави, не можеме ништо да извлечеме, многу е пијан. Гостилничарот тврди дека не

се случило ништо. Селаните молчат, се скриле во своите куќи. Никој ништо не знае. Ние си одиме.“

„Ама јас имам известување дека брзата помош однела некого во крумловската болница.“

„Тоа беше дедо ми,“ прозбори за првпат Ладислав.

„Што е со татко ми, Ладиславе?“ извика Марија.

„Дедо ми боледува од срце,“ продолжи Ладислав. Беше свртен накај полицајците, не гледаше во Марија. „Доби напад.“

„Што правевте овде, Господи? “ праша полицаецот од Крумлов со поглед вперен во осамената црна кола насред ливада.

Ладислав молчеше. Марија упорно гледаше во него.

„Не можам ни да го казнам, кога всушност не се случило ништо,“ се лутеше полицаецот од каплицката патрола. Оној слабиот кимнуваше и безобразно пцуеше.

„Сакав само да го повозам на терен, да го испробам како што треба,“ рече смирено Ладислав и погледна во правец накај колата.

Полицаецот од Крумлов со светилката во раце кратко време светеше околу себе и ги гледаше цик-цак трагите по гумите, дивите полукругови отпечатени во неискосената трава на малата ливада зад селото.

„А каде ви се клучевите од колата?“

„Изгледа ми испаднале некаде по патот. Малку ме фати паника па отидов во селото по трактор да ме извлече.“

„Не тресете глупости и гледајте да ве нема оттука,“ го прекина полицаецот од Каплице. „Со оваа кола можете да се бркате таму во Болетице помеѓу тенковите.“

Марија му подаде клучевите на зетот. Неговата ќелава глава светеше во ноќта.

„Сериозно, веќе немојте да ме лутите,“ му се сврти повторно на Ладислав полицаецот од Каплице, „оваа

акција и скапо ќе ве чини, верувајте. А колата да ја снема оттука. Нема што да прави тука.“

Марија и зетот останаа кратко време сами, додека тројцата полицајци се договараа малку подалеку. Марија не слушаше јасно, што велат, само виде како гестикулираат со рацете.

„Тато пак е во болница?“

Ладислав кимна со главата.

„А што треба да е ова?“ погледна Марија во правец на своето возило.

„Сега не можам ништо да ти кажам,“ прозбори тивко нејзиниот зет и речиси не отвори уста. Гледаше незабележително накај полицајците. „На колата не ѝ е ништо, клучевите сигурно ќе ги најдеме.“

„Што е со мама? Каде е Вероника?“

„Мајка ти зеде седативи, сега, се надевам, спие. Верча е кај неа.“

„А што вели лекарот за тате?“

„Му го измерија притисокот и го зедоа со себе. Можеби имаше двесте со сто педесет.“

Двајцата се свртија. Полицајците од Каплице одеа кон своето службено возило, а оној од Крумлов се враќаше кај нив.

„Уф, како изгледаш,“ успеа уште да рече Ладислав. „Не сакаш да дојдеш кај нас? Ќе ти направам кафе.“

Марија заврти со главата.

„Се враќам во Крумлов, сакате да Ве земам назад?“ викна полицаецот што доаѓаше.

„Би сакала, благодарам.“

Седна во полицискиот автомобил, полицаецот уште кратко време следеше како црното субару полека излегува од плитката длабнатина и се пушти преку ливадата накај патот.

„Не го разбирам тоа ниту малку,“ рече и погледна во Марија. „Вие: да?“

„И јас исто така: не.“

Полека помина по тревата кај тесната асфалтна патека по трагите на големиот СУВ и потоа тргна на другата страна.

„Но јас имам свои грижи кои ми се дојдени преку глава, знаете?“ ѝ рече полицаецот на Марија. „За среќа, ова ќе го евидентираат и затвораат капличаните.“

Тие петнаесет минути пат назад веќе не прозборија. Во градот пред раскрсницата Марија му рече дека ќе се симне во центарот.

„Ќе Ве одвезам дури горе во населбата,“ ѝ понуди полицаецот и грижливо ја погледна.

„Не, благодарам. Морам да се прошетам.“

„Сега? Сама? Па, како мислите...“

Некои денови се ужасно долги. Споени со ноќта и со следното утро. Марија се симна. Беше четири и петнаесет минути изутрина. Влезе во преплетените старински улички, штиклите ѝ се лизгаа по калдрмата. Стигна до ниска куќа на аголот. Треба да се врати клучот. Го рече тоа со половина глас. Насекаде тишина, прозорците на куќите темни. Го извлече клучот од алката со другите клучеви. Кога ја испружи раката кон сандачето за писма, погледна кон вратата. Не го фрли клучот во отворот, ја остави раката да падне. Малку се двоумеше и потоа се обиде да го стави клучот во бравата. Влезе. Можеше со него и да сврти, без проблем отклучи. Влезе во темница, ја затвори зад себе вратата и малку чекаше. Наслушуваше, се трудеше да разгледа во темницата. Потоа викна. Првпат ја издаде гласот, по вторпат веќе јасно. „Има некој тука?“ Повикот се одбиваше од празните ѕидови. Со тапкање со рацете испружени пред себе дојде внимателно до двете скалички од левата страна. Се искачи горе и во темницата удри во

празни шишиња на подот, тој тресок на кратко ја исплаши и ја застана насред чекорењето. Си светна со мобилниот телефон. Отоманчето ставено до ѕидот, наоколу расфрлени две шишиња. Гласно се издиши и ја напипа кваката од тесната врата. Беше подотворена. Неизразита белост на мијалник во полумракот. Долго пиеше од водоводната чешма, одеше наназад од просторијата и падна на отоманот крај ѕидот.

Само празни регали за книги и напуштен, запрашен отоман. Тоа е сѐ што останало од крумловската сезона. Нема ништо. Остана само тезгата за продавање во првата просторија. Филип веќе не стои зад неа и нема да стои. Воопшто, сѐ веќе однесоа. Го нема Хенри Џејмс, Волт Витмен и Џејн Остин. Херман Мелвил, Греам Грин и Фланери О`Конор. По книгите останале празни полици. Неколку пајажини. На ѕидовите само побледени правоаголни површини по симнати слики. Висеа тука портрети на Едгар Алан По и Вирџинија Вулф. Наеднаш Марија ја обзеде исцрпеност од ненаспаната ноќ. Со последни сили го слече од себе есенскиот мантил. Слабоста ја легна на каучот. Ги собу од нозете раскалените чевли, легна настрана и се покри со капутот. Доцентка по литература на излитен отоман, на подот исушен колач од растечен восок. Исцрнет фитил насредина. Промрмори во замор и ги затвори очите. Од навлаката почувствува слаб мирис на женски парфем. Свеста се завиткуваше во соништата. Сонот ја фати брзо.

Кога ги истри очите и погледна на часовникот на раката, беше десет часот. Ја разбуди студот и далечен звук на телефон што ѕвони. Постојано го чувствуваше мирисот на туѓиот парфем, можеби ѝ останал на лицето, на левиот образ. Тетераво дојде до отворената врата. Под облеката непријатно чешкање на засушената пот. Исушено грло од жед и непријатен вкус по вино. Бурична во чантата и го извади мобилниот. Пропуштен повик од сестра ѝ. Посака да се истушира, но зад вратата имаше само мал мијалник и одвод. Го навре мантилот и седна назад на каучот.

Вакво неславно заминување од Крумлов... Со болка во главата и желудник како на вода. Сеќавањата на претходната вечер и ноќ беа дури непријатно остри.

Сѐ започна кога ја испрати таа текстуална порака. Кога ја напиша, ја остави во *Драфт* неколку часа. Мислеше на него, но и на Катка, на целото свое крумловско лето. Ја испрати пораката дури попладне.

*Не мислиш дека нашиот случај треба да се доискаже? Барем нормално да си речеме здраво и остани со здравје? Денес вечер сум во град.*

Одговор пристигна за половина час

*Ја празниме продавницата, ќе бидам таму дури до ноќеска.*

Замина од барот порано под таинствен изговор дека мора да го врати клучот. Се збогува со летните крумловски другарки, со фризерката Петра и со продавачката од пекарницата. Имаше сочувано едно неотворено шише со црвено вино и отиде кај Филип. Како е Шекспир? А, синот? Си го повторуваше тоа прашање по патот низ Внатрешниот Град. Разделба во стил, кога веќе ништо друго, како што се запознаа пред половина година.

Прозорците во приземјето беа темни. Да, та струјата е исклучена. Книгите однесени. Го притисна носот кон стаклото, преминот под скалите го осветлуваше треперлива светлина, најверојатно свеќа. Неколку чекори до вратата, бурична во чантата по клучевите. Само што, клучот не влегуваше цел во клучалката. Не се отклучуваше. Чукна на вратата. Потоа посилно. Потоа нежно затропа. Посилно. Потпрена со грбот на ѕидот покрај прозорецот, во раката го стегаше телефонот. Доволно беше под името Филип да се

допре со врвот на прстот на зелената слушалка на дисплејот. Тој е таму. Заклучен внатре. Го стави телефонот во задниот џеб на панталоните. Потоа ги притисна носот и челото на стаклото. Токму тогаш во тој миг здогледа долги бели нозе, треперлива светлина ја осветли предната просторија. Боси нозе слегоа по скалите. Девојката чекореше право кон неа, долга руса коса и машка кошула закопчана само на две копчиња. Одеше директно кон прозорецот. Марија не можеше да се помрдне, веќе појасно ја распознаваше шарата на кошулата на Филип и очите на девојката. Потоа се сретнаа нивните погледи. Девојката со свеќа в раце викна од уплав, брзо се сврти и се затрча назад, кошулата се распавта, а Марија за миг го здогледа нејзиниот бел гол задник. Конечно го потргна лицето од прозорецот. Тоа беше една од оние водичи од замокот.

Со шишето во рака Марија истрча брзо оттаму. Замокот веќе неколку недели е затворен. Застана насред уличката, дуќанчињата темни, капаците на прозорците затворени. Не се врати во барот, помина низ центарот на градот и се искачуваше по патот горе накај населбата. Шишето го отвори дури во станот. Не бараше чаша, пиеше директно од шишето. Пред да успее да го допие, заѕвони телефонот. Се јавуваше полицијата.

---

Татко ѝ беше блед, но очите живо ги следеа лицата околу него. Секоја од ќерките седеа на по една страна од креветот. Вероника, тукуштo педесетгодишна, со коса светло шатирана, малку подгрбавена. Зад неа стоеше маж ѝ, Ладислав. Ја исполнуваше речиси целата болничка соба. Марија му ја местеше покривката на татко си и тој ја фати за рака. Изненадена го погледна. Кусо ги држеше нејзините прсти во својата дланка и притисна. Потоа уморно се насмеа и ги подзатвори очите. Вероника и Марија се погледнаа.

„Мора да одмораш, тато,“ рече Вероника. „Ќе дојдеме повторно утре и ќе ја земеме мама.“

Кимна со главата, а очите останаа затворени.

„Како е Ханзал?“ праша како во сон.

„Во целина, добро,“ рече Вероника. „На крај го однесоа дома. Наместо него, брзата помош те зеде тебе. Сега на Ханзал не мисли. Мора да спиеш.“

Сите тројца излегоа во ходникот. Марија го дишеше болничкиот мирис, во последно време го чувствуваше толку често, но сè уште не се навикна на него, сè уште ѝ пречи. Ѝ предизвикува растреперeност. Смесата од хемикалии и претчувството за болка и несигурен исход. Надеж во минимална концентрација. Мораше да си седне на клупата покрај ѕидот.

„Што изведуваше вчера?“ праша Вероника и седна до неа. „Зелена си.“

„Јас? Што изведувавте вие? Лада и тато?“

Зетот на Марија погледна низ ходникот и седна до неа од другата страна.

„Колата ти е во ред, сигурно виде...“

„По ѓаволите, не прашувам за колата!“

Погледна во Вероника и го стиши гласот.

„Вчера бил во кафаната и се степал со Ханзал.“

„Тато?“

„Ми се јави газдата на кафаната да дојдам да си го земам дедо ми. Дека не му е добро. Ја оставив колата пред кафана, влегов и видов како татко ти го држи стариот Ханзал за врат. Ги разделив, Ханзал излезе надвор. И додека го препрашував газдата што се случило, надвор го слушнав моторот од колата...“

„Тато го удрил Ханзал со твојата кола,“ Вероника ги прекина зборовите на Лада.

Марија голтна на суво. Низ ходникот се шетаа пациенти во влечки, болнички персонал во бело. Во темниот ходник без прозорци ликовите во болнички пеньоари изгледаа како духови. Под нискиот таван со испрекинати движења се појавуваа бледи силуети. Слики како од некој второкласен хорор какви што многу сакаше да гледа и чита Вероника. Марија се обидуваше да прочита нешто повеќе од изразот на нејзиното лице, но повторно се врати гласот на зет ѝ.

„Ханзал трчаше преку ливадата накај дома, а тато го бркаше со кола, кутриот бегаше и скршнуваше... видов како татко ти го удри со десниот браник. Ги стигнав дури кога татко ти го удираше со тупаница во лице. "

„Зошто, по ѓаволите?"

„Не се поднесуваат," рече Вероника.

„Па тоа го знаеме, не се поднесуваат веќе педесет години."

„Младиот Ханзал дотрча кај нас и се испаничи, веднаш викна полиција," додаде Лада .

„Па нели и стариот Ханзал е болен," рече Марија. Погледна во зетот, а потоа во сестра си.

„Да, болен е," убедлива беше Вероника. „Правеше операција на дебелото црево."

Пред болницата ѝ олесни на Марија, остриот ветар ѝ го ладеше челото.

„Сигурно може да ја задржиме колата уште некое време?" ја праша зет ѝ Марија.

„Секако. Веќе си имам купено карта за автобус."

„Фала ти," рече Вероника. „Ќе те однесеме на автобуска. Еве ти вода. Сакаш аспирин?"

„Зошто?"

„За мамурлакот."

---

Пејзажот зад прозорецот заминуваше, овошни дрвја и лисја што паѓаат, пожолтени ливади покрај патот. Марија остави патот без прекини да ѝ поминува пред очите. Кога ги затвори повторно, ги виде трагите во тревата и земјата раскопана од гуми. Автобусот нежно ја лулаше и на Марија ѝ беше малку лошо. Можеби и заради непобитната замисла – како еден смртно болен старец следи друг, а куќите им се веќе сто години една до друга. Се тепаат со тупаници и се борат во студената есенска трева. Кардиолошки случај против онколошки пациент. Стара наследена семејна омраза. Марија се напи од малото пластично шишенце што пред болницата во Крумлов ѝ го даде сестра ѝ, си ја потпре главата на седиштето и се обиде да заспие со лулањето и монотоното возење.

Но не ѝ успеваше. Вака неславно да го напушташ Чешки Крумлов. Лута сама на себе. Сама си го бараше. Повеќе од два часа ќе трае отрезнувачкото патување и нема бегање, ниту во тесна уличка. Сите места во автобусот се продадени, до Марија седеше маж во костум, на колениците лаптоп, а неговите прсти без прекин се движеа по црната тастатура. Марија го превртуваше во дланките мобилниот телефон, малиот екран беше темен и сјаеше. Но на таа темна површина ништо не се поместуваше. Стјуардесата нудеше кафе во чашка и весници, Марија ги затвори очите, светлата коса на девојката беше слична и по должина. Речиси истата фризура што утрото ја забележа во темната просторија од испразнетата книжарница. Стјуардеса и водич од крумловскиот замок. Двете околу дваесет и пет. Марија остана со затворени очи. Секаде околу неа полно прекрасни девојки на околу дваесетипетгодишна возраст. Од каде се појавуваат, по ѓаволите? Ова е фронтален напад. Се обидуваше да си го објасни непријатното чувство од неправедност и опасност. На крајот, дојде до заклучок дека самата е смешна.

Издржа до станицата во Писек. Потоа повторно посегна по мобилниот. Некое време ги разгледуваше фотографиите од летото. Слики од богородици. Вишебродскиот олтар. Копија од готска слика. Излет со Филип во Злата Коруна.

Автобусот повторно тргна. Ја затвори својата мала приватна уметничка галерија. Само фотографии што може да се избришат со еден удар на прстот. Всушност, ништо. Исто како излетите што не се остварија. Големи планови. Со воз до Виена, Kunsthistorisches Museum. Со авион до Лисабон на изложба на мадони од ватиканските збирки. Ништо од тоа не излезе. Само едно обично летно дрдорење.

На крај, ја напиша смс-пораката. Малку се мислеше, неколку пати одново ја читаше. Ја прати дури некаде пред Пшибрам.

*Задоволен си? Вака ја замислуваше нашата разделба?*

Мобилниот титна во ташната, дури кога автобусот се симнуваше од автопатот. Воздивна и го зеде.

ЛЕНКА

*Мамче, уште си кај тета во Крумлов? Утре ќе ти поминам.*

Марија чувствуваше како ѝ олесни.

*Се враќам во Прага. Во понеделник почнува семестарот. Дедо е повторно во болница, појди да го видиш. Вечер ќе се чуеме.*

На станицата Књижеци се симна од автобус. Порака од Филип не дојде ниту додека одеше од Смихов до Дејвице. Ниту вечерта. Ниту другиот ден.

## Јануари 2018

Утрото во кујната го вклучи бокалот за греење вода и си подготвуваше чај. Сѐ уште за неа беше ново, да биде